# О Д Л У К А

## за прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување на Охридска Банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

Согласно одредбите од чл.518 и чл.528 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/2020) и врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 29.06.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување на Охридска Банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. Собранието на Банката ја прифаќа и потврдува Спогодбата за присоединување на Охридска Банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, одобрена и склучена од Надзорните Одбори на двете банки на 15.01.2021 година во форма на нотарски акт ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година составен од страна на нотар Весна Дончева од Скопје („**Спогодбата**").
Спогодбата и прилозите коишто се нејзин составен дел беа достапни и дозволени за увид на акционерите на Банката во законски утврдениот рок.

2. Со потврдување на Спогодбата, Собранието на Банката го одобрува присоединувањето на Охридска Банка АД Скопје, како банка којашто се присоединува, кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, како банка којашто презема, согласно роковите и условите утврдени во Спогодбата.

3. По уписот на статусната промена во Централниот регистар Република Северна Македонија, Охридска Банка АД Скопје ќе престане да постои како правно лице без да се спроведе ликвидација, а целокупниот имот и обврски ќе преминат на Шпаркасе Македонија АД Скопје, во замена за акции од страна на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

4. За акционерите на Банката кои до денот на донесување на оваа одлука за прифаќање и потврдување на Спогодбата се изјасниле дека не сакаат да примат акции во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во замена за нивните акции во Банката, Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе изврши откуп на акциите на акционерите од Банката што се присоединува по откупна цена од МКД 5.577 за една акција.

5. Се овластува Претседателот на Управниот одбор на Банката да ги преземе сите неопходни дејствија за спроведување на оваа Одлука и да ги потпише сите релевантни документи за упис на статусната промена – присоединување во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

6. Оваа Одлука влегува во сила на денот на нејзиното усвојување.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

**Образложение**

Собранијата на акционери на Охридска банка АД Скопје (во натамошниот текст „Банката што се присоединува„) и Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (во натамошниот текст „Банката што презема„) во октомври 2020 година донесоа одлуки за отпочнување на постапка за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе банка Македонија АД Скопје со универзален пренос на целокупниот имот и на обврските на Банката што се присоединува, во замена за акции од Банката што презема, во согласност со позитивното законодавство, при што Банката што се присоединува престанува да постои без ликвидација.

Согласно законските одредби, Надзорните одбори на Банките, одобрија и склучија Спогодба за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во форма на нотарски акт ОДУ број 15/21 од 15.01.2021, составена од страна на Нотар Весна Дончева од Скопје. Во законските рокови Спогодбата е доставена и е извршена предбележба на истата во Централниот регистар Република Северна Македонија на 15.04.2021 година. По извршената предбележба Спогодбата е дозволена за увид на акционерите.

Во согласност со Законот за банките, статусната промена е одобрена со дозвола за статусна промена издадена од Гувернерот на Народната Банка на република Северна Македонија број 15-15874/1 од 21.05.2021 година. Понатаму, во согласност со применливите законски одредби, Спогодбата станува полноважна откако ќе ја прифатат собранијата на друштвата што учествуваат во присоединувањето.

Врз основа на погоре наведното се предлага Собранието да ја донесе оваа Одлука.

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Врз основа на член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на седницата одржана на 29.06.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

2. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 20.08.2020 година, се усвојуваат следните измени:

   1) член 7 се менува и гласи:

**Член 7**

Номиналниот износ на почетниот капитал (основна главнина) на Банката изнесува 4.478.772.810,00 денари и истиот е поделен на 1.677.443 обични акции на име со номинална вредност од 2.670,00 денари по една акција.
Банката може да издава обични и приоритетни акции.
Една акција има право на еден глас во Собранието на Банката.

   2) член 49 став 1 точка 46 се менува и гласи:

46) го разгледува извештајот за трансакции со поврзани лица со Банката,

   3) член 65 се менува и гласи:

**член 65**

Управниот одбор е орган кој ја претставува и застапува Банката и раководи со нејзиното работење.
Надзорниот одбор на Банката ги именува членовите на Управниот одбор со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови од Надзорниот одбор, и истите стапуваат на функциите по добивање на претходна согласност од НБРСМ. Со членовите на Управниот одбор се склучува менаџерски договори со кои подетално се утврдуваат работните активности, правата, обврските, висината на примањата и надоместите по сите основи, премијата за лично осигурување и други релевантни прашања.
Управниот одбор на Банката се состои од 4 (четири) члена, при што членовите се подеднакво одговорни за работењето на Банката и за обврските што ги презема Банката, а надлежностите на членовите подетално се дефинирани и распределени.
Со одлука на Надзорниот одбор на Банката, се определуваат Претседателот, Заменик Претседателот и Членовите на Управниот одбор на Банката.

Со одлука на Надзорниот одбор се врши поделба на надлежностите меѓу членовите на Управниот одбор на Банката, по одделни сегменти од работењето на Банката како што следи:

- Претседателот на Управниот одбор е надлежен за активности поврзани со тргување и финансиски пазари, за човечки ресурси и за координација на Генерален Секретаријат и Внатрешната ревизија;
- Заменик Претседателот на Управен одбор е надлежен за активности поврзани со работењето со население и за активности поврзани со маркетинг и развој на производи;
- Еден член на Управниот одбор е надлежен за активности поврзани со стратешко управување со ризик, активности поврзани со управување со кредитен ризик, активности поврзани со наплата и управување со колатерали, активности поврзани со информатичка технологија и организација и активности поврзани со банкарски операции;
- Другиот член на Управниот одбор е надлежен за активности поврзани со работењето со корпоративни клиенти, активности поврзани со финансии и активности поврзани со управување со имот, логистика и безбедност.

Мандатот на членовите на Управниот одбор е 5 (пет) години, со можност за реизбор.

4) член 70 се менува и гласи:

**член 70**

Банката ја претставува Претседателот на Управниот одбор.
За време на отсуство од било каква причина на Претседателот на Управниот одбор, Банката ја претставува Заменик Претседателот или другите членови на Управниот одбор.
Во отсуство на членовите на Управниот одбор, Банката ја претставува лице со посебни права и одговорности што ќе биде определено со посебна Одлука од Управниот одбор.

5) член 71 се менува и гласи:

**член 71**

Во однос на трети лица, во зависност од проблематиката и барањата за застапување, Банката е застапувана од:

- Претседателот или Заменик Претседателот на Управниот одбор самостојно;
- Претседателот или Заменик Претседателот и член на Управниот одбор;
- Член на Управен одбор самостојно;
- Во отсуство на Претседателот на Управниот одбор, Заменик Претседателот заедно со еден член на Управниот одбор или било кои два члена на Управниот одбор, односно еден член на Управниот одбор и лице со посебни права и одговорности кое е назначено од Управниот одбор.

За време на отсуство на Претседателот, на Заменик Претседателот и еден или двајца од членовите на Управниот одбор, Банката ја застапуваат и актите ги потпишуваат или присутниот/те член/ови на Управниот одбор или директорите/одговорните лица на организационите делови со кои раководат.

6) член 72 се менува и гласи:

**член 72**

Застапувањето и потпишувањето на актите подетално се уредува со посебен акт на Управниот одбор одобрен од страна на Надзорниот одбор. Со посебен акт на Управниот одбор одобрен од страна на Надзорниот одбор на Банката подетално се

уредува кои акти ги потпишуваат одделно Претседателот на Управниот одбор, членовите на Управниот одбор, а кои акти ги потпишуваат заедно.
Членовите на Управниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на седница организирана со користење на конференциска, телефонска врска или со користење на друга аудио или визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираната седница можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг и без одржување на седница преку давање писмена согласност на одлуките кои што се донесуваат. Давањето на согласност може да биде извршено со своерачен потпис или со потпис испратен по електронски пат на предлог-одлуката. Одлуките се сметаат за донесени ако сите членови на Управниот одбор дадат писмена согласност на предлог – одлуката која се донесува.
Управниот одбор донесува полноважни одлуки со мнозинство од гласовите на сите членови. Во случај на поделба на гласовите на членовите на Управниот одбор, гласот на Претседателот е одлучувачки.
За работата на Управниот одбор на седници, во рок од три дена од одржување на седницата се изготвува записник, кој го потпишуваат сите членови на Управниот одбор кои биле присутни на седницата.
Управниот одбор на Банката за одредени работи што се поврзани со секојдневното тековно работење на Банката, во рамките на предметот на работењето на Банката и актите донесени од страна на органите на Банката, може да овласти да ја застапуваат и во име на Банката да потпишуваат лица со посебни права и одговорности и други стручни лица вработени во Банката.
Овластените лица од претходниот став на овој член дадените овластувања не можат да ги пренесат на други вработени без согласност на Управниот одбор.
Управниот одбор донесува решенија, инструкции и други акти за начинот на потпишувањето, парафирањето на актите и овластувањата за потпишување на актите.

7) член 106 се менува и гласи:

„Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 20.08.2020 година. Пречистениот текст на Статутот ги вклучува пречистениот текст од 20.08.2020 година и одлуката за измена и дополнување на Статутот од 29.06.2021 година.

За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја регулираат определената материја."

3. Оваа Одлука стапува на сила по усвојувањето од страна на Собранието на акционери.

## Образложение

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите доставени до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка. На 21.05.2021 година со решение број 15-15874/1, добиена е согласност за измена на Статутот.

Измените на Статутот се предложени врз основа на планираната статусна промена – присоединување на Охридска Банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, што повлекува промена на почетниот капитал, бројот на акции, бројот на членови во Управниот одбор, како и уредување на нивните надлежности и права за застапување на Банката.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измена на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

**О Д Л У К А**

**за зголемување на основната главнина со емисија на обични акции со право на глас од 20-та емисија заради спроведување на статусна постапка – присоеднување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Врз основа на член 9 и 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, член 7 и член 9 од од Законот за хартии од вредност, член 282, член 383, чл.519 став 1, член 534 став 1 и член 537 од Законот за Трговските друштва, Собранието на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, на седницата одржана на 29.06.2021 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за зголемување на основната главнина со емисија на обични акции со право на глас од 20-та емисија заради спроведување на статусна постапка – присоеднување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (во натамошниот текст „Банката што презема„) ќе изврши зголемување на основната главнина преку нова емисија на 1.054.681 обични акции со право на глас, со номинална вредност од 2.670 денари по акција, во вкупен номинален износ од 2.815.998.270,00 денари.

2. Издавач на акциите е Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 34 Скопје, со ЕМБС 4558669 и даночен број 4030993261735.

3. Емисијата на новите акции претставува 20-та емисија на акции на Банката.

4. Целта поради која се издаваат акциите е зголемување на основната главнина на Банката заради спроведување на присоединување на Охридска банка АД Скопје (во натамошниот текст „Банката што се присоединува„) кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, со пренос на целокупниот имот и на обврските на Банката што се присоединува кон Банката што презема, со што Банката што се присоединува ќе престане без да се спроведе нејзина ликвидација, во замена за акции од страна на Банката што презема.

5. Акционерите на Банката што се присоединува [кои до денот на донесување на оваа Одлука не се изјасниле дека не сакаат да стекнат акции во Банката што презема,] ќе стекнат акции издадени од Банката што презема во соодност од 1,66 акции за секоја акција на Банката што се присоединува, додека разликата (износот помал од една акција) ќе им биде исплатен во готовина од страна на Банката што презема согласно откупната цена од Точка 6 од оваа Одлука и условите на статусната промена утврдени во Спогодбата за присоединување ОДУ број 15/21 од 15.01.2021 година.

6. За акционерите на Банката што се присоединува кои се изјасниле дека не сакаат да примат акции во Банката што презема во замена за нивните акции, до денот на донесувањето на оваа Одлука, Банката што презема ќе изврши откуп на акциите на

акционерите од Банката што се присоединува по откупна цена од МКД 5.577 за една акција.

7. Акционерите на Банката што се присоединува можат да се изјаснат дека не сакаат да примат акции во Банката што презема или не го прифатат соодносот за замена од Точка 5 од оваа Одлука, до денот на донесување на Одлуките за прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување, донесени од страна на Собранијата на акционери на Банките што учествуваат во присоединувањето.

8. Акционерите на Банката што се присоединува кои како резултат на присоединувањето добиваат акции во Банката што презема, ќе стекнат акции кои даваат права еднакви со правата на акциите на акционерите на Банката што презема, вклучувајќи право на глас, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и исплата во случај на ликвидација или стечај, во секој случај во согласност со законите на Република Северна Македонија и Статутот на Банката што презема, од датумот на запишување на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност на Северна Македонија.

9. Новоиздадените акции на Банката што презема ќе бидат запишани во Централниот депозитар за хартии од вредност на Северна Македонија, по Датумот на регистрација на статусната промена и по уписот на зголемувањето на основната главнина на Банката што презема во Централниот Регистар на Република Северна Македонија („ЦРССМ“), како и бришењето на Банката што се присоединува од ЦРРСМ. Акционерите на Банката што се присоединува ќе стекнат сопственост на новоиздадени акции на Банката што презема во согласност со соодносот наведен во Точка 5 од оваа Одлука, чиишто акции ќе бидат ставени на нивните сопственички сметки за хартии од вредност што се водат во Централниот депозитар за хартии од вредност на Северна Македонија.

10. Акционерите на Банката што се присоединува кои со присоединувањето стекнуваат акции на Банката што презема од датумот на регистрирање на акциите во Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија ќе имаат права од акции, вклучително и право да учествуваат во добивките (дивиденда) доколку има на Банката што презема согласно одлуките за распределба на добивки на Банката што презема.

11. Банката што презема во рок од 5 (пет) работни дена од Датумот на регистрација на статусната промена во Централниот Регистар на Република Северна Македонија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и ќе објави известување за јавноста за бројот на запишани акции и за реализација на емисијата.

12. Издавањето на новите акции од 20-тата емисија ќе се реализира во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението на Комисијата за хартии од вредност за одобрение за издавање на акции заради статусна промена.

13. Распределбата на акциите од оваа емисија ќе се изврши согласно одредбите на Спогодбата за присоединување ОДУ број 15/21 од 15.01.2021 година, а врз основа на Решение за дозвола за статусна промена издадена од Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија бр, 15-15874/1 од 21.05.2021 година.

14. За оваа емисија Банката што презема ќе објави соопштение во јавност.

15. За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Статутот на Банката и позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја.

16. Се овластува Надзорниот Одбор на Банката да може да врши одредени измени и дополнувања на оваа Одлука во постапката на добивање одобрение за зголемување на основната главнина на Банката со издавање на нови акции од 20-емисија.

17. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со оваа Одлука за издавање на акции се предлага издавање на 20-та емисија на акции на Шпаркасе Банка АД Скопје, со издавање на 1.054.681 обични акции со право на глас, со номинална вредност од 2.670 денари по акција, во вкупен номинален износ од 2.815.998.270,00 денари. Издавањето на акциите ќе се врши заради спроведување на присоединување на Охридска банка АД Скопје (во натамошниот текст „Банката што се присоединува„) кон Шпаркасе банка Македонија АД Скопје (во натамошниот текст „Банката што презема„).

Имено, Собранијата на акционери на двете Банки, во октомври 2020 година донесоа Одлуки за отпочнување на постапка за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со универзален пренос на целокупниот имот и на обврските на Банката што се присоединува, во замена за акции од Банката што презема, во согласност со позитивното законодавство, при што Банката што се присоединува престанува да постои без ликвидација. Преносот на имотот и обврските од Банката што се присоединува во Банката што презема се врши во замена за акции на Банката што презема. Акционерите на Банката што се присоединува ќе стекнат акции издадени од Банката што презема во соодноc од 1,66 акции за секоја акција на Банката што се присоединува, додека разликата (износот помал од една акција) ќе им биде исплатен во готовина од страна на Банката што презема согласно откупната цена од точка 6 од оваа Одлука. Соодносот како и откупната цена по акција е утврден согласно извештај подготвен од КПМГ ДООЕЛ Скопје од 14.01.2021 година.

За акционерите на Банката што се присоединува кои се изјасниле дека не сакаат да примат акции во Банката што презема во замена за нивните акции, Банката што презема ќе изврши откуп на акциите на акционерите од Банката што се присоединува по откупна цена од МКД 5.577 за една акција. Акционерите на Банката што се присоединува можат да се изјаснат дека не сакаат да примат акции во Банката што презема или не го прифатат соодносот за замена утврден со Спогодбата за присоединување, до денот на донесување на Одлуките за прифаќање и потврдување на Спогодбата, донесени од страна на Собранијата на акционери на Банките што учествуваат во присоединувањето.

Акционерите на Банката што се присоединува кои како резултат на присоединувањето добиваат акции во Банката што презема, ќе стекнат акции кои даваат права еднакви со правата од акциите на акционерите на Банката што презема, вклучувајќи право на глас, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и исплата во случај на ликвидација или стечај, во секој случај во согласност со законите на Република Северна Македонија и Статутот на Банката што презема. Новоиздадените акции на Банката што презема ќе бидат регистрирани во Централниот депозитар за хартии од вредност на Северна Македонија, по датумот на регистрација на присоединувањето и по регистрирање на зголемувањето на основната главнина на Банката што презема во ЦРРСМ, согласно закон. Акционерите на Банката што се присоединува ќе стекнат сопственост на новоиздадени акции на Банката што презема во согласност со соодносот наведен во точка 5 од оваа Одлука, чиишто акции ќе бидат

ставени на нивните сопственички сметки за хартии од вредност што се водат во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Во согласност со член 9 од Законот за хартии од вредност, издавањето на хартии од вредност се врши врз основа на претходно добиено одобрение од Комисијата за хартии од вредност. Во таа насока со оваа Одлука се предлага да се овласти Надзорниот Одбор на Банката да може да врши одредени измени и дополнувања на оваа Одлука во постапката на добивање одобрение за зголемување на основната главнина на Банката со издавање на нови акции од 20-емисија.

Врз основа на горе наведеното, се предлага донесување на оваа Одлука.

# О Д Л У К А
## За стекнување на сопствени акции во постапка на присоединување

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и член 335 став 1 точка 5 од Законот за Трговските друштва, Собранието на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, на седницата одржана на 29.06.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За стекнување на сопствени акции во постапка на присоединување**

1. Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со оваа Одлука одобрува Банката да се стекне со сопствени акции, во постапката на присоедување на Охридска банка АД Скопје (Банка што се присоединува) кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (Банка што презема).

2. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе се стекне со оние акции за кои акционерите на Банката што се присоединува се изјасниле дека не сакаат да се стекнат со акции во Банката што презема. Банката исто така ќе ги стекне и акциите (во кумулативен износ на акции) кои го сочинуваат збирот на разликите (износите помали од една акција) за кои на акционерите ќе им биде исплатен соодветен сразмерен износ од откупната цена по акција дефинирана во Спогодбата за присоединување ОДУ број 15/21 од 15.01.2021 година.

3. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе ги стекне акциите од Точка 2 на оваа Одлука, односно акциите на акционерите од Банката што се присоединува кои се изјасниле дека не сакаат да се стекнат со акции во Банката што презема, со уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност, вклучително и акциите (во кумулативен износ на акции) кои го сочинуваат збирот на разликите (износите помали од една акција), по откупна цена од МКД 5.577 за една цела акција дефинирана во Спогодбата за присоединување ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година.

4. Номиналната вредност на сопствените акции, стекнати согласно оваа Одлука нема да надминува 10% од номиналната вредност на вкупните акции на Банката.

5. Правата од стекнатите сопствени акции, стекнати согласно оваа Одлука, мируваат се до моментот на нивното отуѓување.

6. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со оваа Одлука за стекнување на сопствени акции се предлага Собранието на акционери да одобри Банката да се стекне со сопствени акции, во постапката на присоедување на Охридска банка АД Скопје (Банка што се присоединува) кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (Банка што презема). Имено, Собранијата на акционери на двете Банки, во октомври 2020 година донесоа одлуки за отпочнување на постапка за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со универзален пренос на целокупниот имот и на обврските на Банката што се присоединува, во замена за акции од Банката што презема. Акционерите на Банката што се присоединува ќе стекнат акции издадени од Банката што презема во соодное од 1,66 акции за секоја акција на Банката што се присоединува, додека разликата (износот помал од една акција) ќе им биде сразмерно исплатен во готовина од страна на Банката што презема согласно откупната цена од МКД 5.577 за една цела акција дефинирана во Спогодбата за присоединување ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година.

Акционерите на Банката што се присоединува можат да се изјаснат дека не сакаат да примат акции во Банката што презема до денот на донесување на одлуките за прифаќање и потврдување на Спогодбата, донесени од страна на Собранијата на акционери на Банките што учествуваат во присоединувањето. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе се стекне со оние акции за кои акционерите на Банката што се присоединува се изјасниле дека не сакаат да примат акции во Банката што презема во замена за нивните акции, како и кумулативен износ на акции кои го сочинуваат разликите (износите помали од една акција) за кои на акционерите ќе им биде исплатен сразмерен износ од откупната цена утврдена во Спогодбата за присоединување ОДУ број 15/21 од 15.01.2021 година.

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе ги стекне погоре наведените акции на акционерите од Банката што се присоединува кои се изјасниле дека не сакаат да се стекнат со акции во Банката што презема, со уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност, како и акциите (во кумулативен износ на акции) кои го сочинуваат збирот на разликите (износите помали од една акција), по откупна цена од МКД 5.577 за една цела акција дефинирана во Спогодбата за присоединување ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година.

Номиналната вредност на сопствените акции, стекнати согласно оваа Одлука нема да надминува 10% од номиналната вредност на вкупните акции на Банката. Правата од стекнатите сопствени акции стекнати согласно оваа Одлука, мируваат се до моментот на нивното отуѓување.

Врз основа на горе наведеното, се предлага донесување на оваа Одлука.

# О Д Л У К А
# за усвојување на Годишната сметка
# на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
# за период 01.01-30.04.2021 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 29.06.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната сметка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за период 01.01-30.04.2021 година**

1. Со оваа Одлука се усвојува Годишната сметка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, за период 01.01-30.04.2021 година, според следните биланси:

   Биланс на состојба на ден 30.04.2021 година
   Биланс на успех од 01.01.2021 до 30.04.2021 година.

2. Во Билансот на состојба искажани се следните билансни состојби:

- Актива 27.530.222.379,00 денари
- Пасива и Капитал 27.530.222.379,00 денари

3. Во Билансот на успех за периодот од 01.01.2021 до 30.04.2021 година се искажани следните сосотојби:

   приходи.......................................................................... 431.119.149,00 денари
   расходи.......................................................................... 311.825.971,00 денари
   **добивка пред оданочување.......................................... 119.293.178,00 денари**
   данок на добивка.............................................................. 12.025.634,00 денари
   **добивка по оданочување............................................. 107.267.544,00 денари**

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Назив на банка/финансиска институција: **Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**
Адреса,седиште, телефон **ул.Македонија 34, Скопје, 02-3200-500**
Единствен даночен бро: **4030993261735**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА**
**на ден 30.04.2021 година**

| Ред.бр. | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **АКТИВА** | | | |
| 1. | Парични средства и парични еквиваленти | 140 | 5.100.123.908 | 4.314.732.037 |
| 2. | Вложувања во должнички хартии од вредност кои може да се користат за рефинансирање во НБРМ (142+143-144) | 141 | **3.518.653.922** | **3.441.688.687** |
| 2а. | Благајнички записи | 142 | 279.883.480 | 304.835.028 |
| 2б. | Државни хартии од вредност | 143 | 3.238.770.442 | 3.136.853.659 |
| 2в. | Исправка на вредноста | 144 | 0 | 0 |
| 3. | Кредити на и побарувања од банки (146+147+148-149) | 145 | **0** | **0** |
| 3а. | Кредити | 146 | 0 | 0 |
| 3б. | Депозити | 147 | 0 | 0 |
| 3в. | Останати побарувања | 148 | 0 | 0 |
| 3г. | Исправка на вредноста | 149 | 0 | 0 |
| 4. | Кредити на и побарувања од други комитенти (151+152-153) | 150 | **18.097.438.718** | **17.720.679.849** |
| 4а. | Кредити | 151 | 18.925.329.199 | 18.544.892.978 |
| 4б. | Останати побарувања | 152 | 6.824.799 | 7.135.288 |
| 4в. | Исправка на вредноста | 153 | 834.715.280 | 831.348.417 |
| 5. | Должнички хартии од вредност (155+156+157-158) | 154 | **0** | **0** |
| 5а. | Благајнички записи | 155 | 0 | 0 |
| 5б. | Државни хартии од вредност | 156 | 0 | 0 |
| 5в. | Останати должнички хартии од вредност | 157 | 0 | 0 |
| 5г. | Исправка на вредноста | 158 | 0 | 0 |
| 6. | Вложувања во сопственички инструменти | 159 | 108.756.257 | 108.756.257 |
| 7. | Вложувања во придружени друштва (161+162) | 160 | **0** | **0** |
| 7а. | Вложувања во банки | 161 | 0 | 0 |
| 7б. | Останати вложувања во придружени претпријатија | 162 | 0 | 0 |
| 8. | Вложувања во подружници (164+165) | 163 | **0** | **0** |
| 8а. | Вложувања во банки | 164 | 0 | 0 |
| 8б. | Останати вложувања во подружници | 165 | 0 | 0 |
| 9. | Заеднички вложувања (167+168) | 166 | **0** | **0** |
| 9а. | Заеднички вложувања во банки | 167 | 0 | 0 |
| 9б. | Останати заеднички вложувања | 168 | 0 | 0 |
| 10. | Нематеријални средства (170+171+172+173+174) | 169 | **158.171.101** | **123.022.223** |
| 10а. | Основачки издатоци | 170 | 0 | 0 |
| 10б. | Издатоци за истражување и развој | 171 | 0 | 0 |
| 10в. | Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права | 172 | 0 | 0 |
| 10г. | Гудвил | 173 | 0 | 0 |
| 10д. | Останати нематеријални средства | 174 | 158.171.101 | 123.022.223 |
| 11. | Материјални средства (176+177+178) | 175 | **215.590.788** | **221.199.731** |
| 11а. | Земјиште | 176 | 192.600 | 192.600 |
| 11б. | Недвижности и опрема | 177 | 207.239.265 | 212.821.124 |
| 11в. | Останати материјални средства | 178 | 8.158.923 | 8.186.007 |
| 12. | Останати средства/побарувања (180+181+182+183+184+185+186+187+188+189+190+191-192) | 179 | **281.234.904** | **259.068.590** |
| 12а. | Ограничени депозити | 180 | 0 | 0 |
| 12б. | Деривативни средства чувани за управување со ризик | 181 | 0 | 0 |
| 12в. | Вградени деривати | 182 | 0 | 0 |
| 12г. | Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 183 | 0 | 0 |
| 12д. | Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 184 | 151.597.500 | 151.597.500 |
| 12ѓ. | Заложени средства | 185 | 0 | 0 |
| 12е. | Аванси за нематеријални средства | 186 | 0 | 0 |
| 12ж. | Аванси за материјални средства | 187 | 0 | 0 |
| 12з. | Побарувања за данок на добивка | 188 | 9.201.095 | 17.726.953 |
| 12ѕ. | Одложени даночни средства | 189 | 0 | 0 |
| 12и. | Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 190 | 0 | 0 |
| 12ј. | Останати побарувања | 191 | 144.928.403 | 113.977.921 |
| 12к. | Исправка на вредноста | 192 | 24.492.094 | 24.233.784 |
| 13. | Одложени приходи и однапред платени трошоци | 193 | 50.252.781 | 45.023.983 |
| 14. | **ВКУПНА АКТИВА (140+141+145+150+154+159+160+163+166+169+175+179+193)** | 194 | **27.530.222.379** | **26.234.171.357** |
| | **ОБВРСКИ, КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Обврски (196+202+208+213+222+223+227) | 1 | 9 | 5 | **24.352.204.622** | **23.126.657.222** |
| 16. | Обврски кон банки (197+198+199+200+201) | 1 | 9 | 6 | **5.723.471.979** | **5.286.827.768** |
| 16а. | Трансакциски сметки | 1 | 9 | 7 | 628.444.705 | 466.850.791 |
| 16б. | Депозити | 1 | 9 | 8 | 1.364.298.497 | 1.049.109.041 |
| 16в. | Ограничени депозити | 1 | 9 | 9 | 0 | 0 |
| 16г. | Обврски по кредити | 2 | 0 | 0 | 3.730.728.777 | 3.770.867.936 |
| 16д. | Останати обврски | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 17. | Обврски кон други комитенти (203+204+205+206+207) | 2 | 0 | 2 | **17.546.150.389** | **16.412.580.216** |
| 17а. | Трансакциски сметки | 2 | 0 | 3 | 12.179.562.080 | 10.770.835.203 |
| 17б. | Депозити | 2 | 0 | 4 | 4.560.131.054 | 4.911.496.954 |
| 17в. | Ограничени депозити | 2 | 0 | 5 | 746.395.272 | 660.224.122 |
| 17г. | Обврски по кредити | 2 | 0 | 6 | 0 | 0 |
| 17д. | Останати обврски | 2 | 0 | 7 | 60.061.983 | 70.023.937 |
| 18. | Обврски по издадени должнички хартии од вредност (209+210+211+212) | 2 | 0 | 8 | 0 | 0 |
| 18а. | Издадени инструменти на пазарот на пари | 2 | 0 | 9 | 0 | 0 |
| 18б. | Издадени сертификати за депозит | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 18в. | Издадени обврзници | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 18г. | Останати издадени должнички хартии од вредност | 2 | 1 | 2 | 0 | 0 |
| 19. | Останати обврски (214+215+216+217+218+219+220+221) | 2 | 1 | 3 | **142.653.159** | **486.626.026** |
| 19а. | Деривативни обврски чувани за управување со ризик | 2 | 1 | 4 | 0 | 0 |
| 19б. | Вградени деривати | 2 | 1 | 5 | 0 | 0 |
| 19в. | Обврски за тргување | 2 | 1 | 6 | 0 | 0 |
| 19г. | Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 2 | 1 | 7 | 0 | 0 |
| 19д. | Обврски за данок на добивка | 2 | 1 | 8 | 0 | 0 |
| 19ѓ. | Одложени даночни обврски | 2 | 1 | 9 | 11.710.959 | 15.886.408 |
| 19е. | Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| 19ж. | Останати обврски | 2 | 2 | 1 | 130.942.200 | 470.739.618 |
| 20. | Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди | 2 | 2 | 2 | 69.052.017 | 57.664.169 |
| 21. | Резервирања за ризици и обврски (224+225+226) | 2 | 2 | 3 | **252.861.064** | **260.209.181** |
| 21а. | Резервирања за вонбилансна кредитна изложеност | 2 | 2 | 4 | 232.974.726 | 240.163.625 |
| 21б. | Резервирања за пензии и за други користи на вработените | 2 | 2 | 5 | 13.646.056 | 13.646.056 |
| 21в. | Останати резервирања | 2 | 2 | 6 | 6.240.282 | 6.399.500 |
| 22. | Субординирани обврски | 2 | 2 | 7 | 618.016.014 | 622.749.862 |
| 23. | КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ (229+230-231+232+235+236-237+238-239+240) | 2 | 2 | 8 | **3.178.017.757** | **3.107.514.135** |
| 24. | Запишан капитал | 2 | 2 | 9 | 1.662.774.540 | 1.662.774.540 |
| 25. | Премии од акции | 2 | 3 | 0 | 558.522.231 | 558.522.231 |
| 26. | Откупени сопствени акции (-) | 2 | 3 | 1 | 0 | 0 |
| 27. | Резерви (233+234) | 2 | 3 | 2 | **250.153.338** | **240.851.673** |
| 27а. | Законска и статутарна резерва | 2 | 3 | 3 | 250.153.338 | 240.851.673 |
| 27б. | Останати резерви | 2 | 3 | 4 | 0 | 0 |
| 28. | Ревалоризациски резерви и останати разлики од вреднувањето | 2 | 3 | 5 | 239.011.063 | 279.950.434 |
| 29. | Добивка за финансиската година | 2 | 3 | 6 | 107.267.544 | 176.301.665 |
| 30. | Загуба за финансиската година (-) | 2 | 3 | 7 | | |
| 31. | Задржана добивка | 2 | 3 | 8 | 360.289.041 | 189.113.592 |
| 32. | Пренесена загуба (-) | 2 | 3 | 9 | 0 | 0 |
| 33. | *Малцинско учество | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| 34. | **ВКУПНА ПАСИВА (195+228)** | 2 | 4 | 1 | **27.530.222.379** | **26.234.171.357** |
| 35. | Вонбилансна евиденција-актива | 2 | 4 | 2 | 5.406.227.158 | 4.437.298.261 |
| 36. | Вонбилансна евиденција-пасива | 2 | 4 | 3 | 5.406.227.158 | 4.437.298.261 |

** Пополнуваат само оние субјекти кои составуваат консолидирана годишна сметка*

Skopje, 14.05.2021

Назив на банка/финансиска институција: <u>Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје</u>
Адреса,седиште, телефон **ул.Македонија 34, Скопје, 02-3200-500**
Единствен даночен бро: **4030993261735**

## БИЛАНС НА УСПЕХ
### во периодот од 01.01 до 30.04.2021 година

| Ред.бр. | Позиција | Ознака на АОП | | | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | | | 4 | 5 |
| 1. | Приходи од камата | 0 | 0 | 1 | 275.954.122 | 815.499.012 |
| 2. | Расходи за камата | 0 | 0 | 2 | 48.070.340 | 150.700.706 |
| 3. | Приходи од провизиии и надомести | 0 | 0 | 3 | 117.950.067 | 323.717.353 |
| 4. | Расходи за провизиии и надомести | 0 | 0 | 4 | 55.108.827 | 158.177.553 |
| 5. | Приходи од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички вложувања | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 |
| 6. | Нето добивка од трансакции со хартии од вредност | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 |
| 7. | Нето загуба од трансакции со хартии од вредност | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 |
| 8. | Нето добивка од курсни разлики | 0 | 0 | 8 | 4.255.531.190 | 14.499.538.824 |
| 9. | Нето загуба од курсни разлики | 0 | 0 | 9 | 4.220.787.112 | 14.400.463.684 |
| 10. | Останати приходи од дејноста | 0 | 1 | 0 | 2.470.882 | 37.374.389 |
| 11. | Трошоци за вработените (012+013+014) | 0 | 1 | 1 | **107.601.616** | **308.602.129** |
| 11а. | Плати | 0 | 1 | 2 | 57.161.621 | 184.899.745 |
| 11б. | Трошоци за даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување | 0 | 1 | 3 | 29.901.284 | 94.821.139 |
| 11в. | Останати користи за вработените | 0 | 1 | 4 | 20.538.711 | 28.881.245 |
| 12. | Амортизација на нематеријални средства и материјални средства | 0 | 1 | 5 | 19.262.457 | 57.923.341 |
| 13. | Исправка на вредност на нематеријални средства и материјални средства | 0 | 1 | 6 | 0 | 0 |
| 14. | Исправка на вредност, посебна резерва и резервирањата (018+019+020) | 0 | 1 | 7 | **11.089.537** | **196.858.571** |
| 14а. | Исправка на вредност на активните билансни побарувања | 0 | 1 | 8 | 18.056.286 | 140.325.259 |
| 14б. | Посебна резерва за вонбилансна кредитна изложеност | 0 | 1 | 9 | -6.966.749 | 56.533.312 |
| 14в. | Останати резервирања | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| 15. | Расходи од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички вложувања | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| 16. | Останати расходи од дејноста | 0 | 2 | 2 | 70.693.194 | 219.721.470 |
| 17. | Добивка од редовно работење (001+003+005+006+008+010)-(002+004+007+009+011+015+016+017+021+022) | 0 | 2 | 3 | **119.293.178** | **183.682.124** |
| 18. | Загуба од редовно работење (001+003+005+006+008+010)-(002+004+007+009+011+015+016+017+021+022) | 0 | 2 | 4 | | |
| 19. | *Добивка од прекинато работење | 0 | 2 | 5 | | |
| 20. | *Загуба од прекинато работење | 0 | 2 | 6 | | |
| 21. | Добивка пред оданочување (023+025-026) | 0 | 2 | 7 | **119.293.178** | **183.682.124** |
| 22. | Загуба пред оданочување (024+026-025) | 0 | 2 | 8 | | |
| 23. | Данок од добивка (дел од Даночниот биланс) | 0 | 2 | 9 | 12.025.634 | 7.380.459 |
| 24. | Добивка за финансиската година (027-029) | 0 | 3 | 0 | **107.267.544** | **176.301.665** |
| 25. | Загуба за финансиската година (029-027) или (028+029) | 0 | 3 | 1 | | |
| 26. | Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период(во апсолутен износ) | 0 | 3 | 2 | 282 | 282 |
| 27. | Број на месеци на работење | 0 | 3 | 3 | 12 | 12 |

** Пополнуваат само оние субјекти кои составуваат консолидирана годишна сметка*

| Ред.бр. | Позиција | Ознака на АОП | | | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | | | 4 | 5 |
| 1. | ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА<br>Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното претпријатие | 0 | 3 | 4 | | |
| 2. | Добивка која припаѓа на малцинското учество | 0 | 3 | 5 | | |
| 3. | Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното претпријатие | 0 | 3 | 6 | | |
| 4. | Загуба која се однесува на малцинското учество | 0 | 3 | 7 | | |

Skopje, 14.05.2021